# НАСЛИКАНО СО ЗБОР

Анка Апостолски

Скопје, 2008

Со љубов на моето мило чедо,
мој критичар кој свој суд рече:
„Мамо, најубава збирка ќе е,
со слики од зборови полна е.“

# РЕДОСЛЕД НА ПЕСНИТЕ

## ЗА СИТЕ ШТО СЕ И ШТО БИЛЕ ДЕЦА

### СЕКОЈДНЕВИЕ

1. СЕКОЈДНЕВИЕ
2. НЕПРАВДА
3. ТАГА

### ИГРА ЛИ Е?

4. ИГРА ЛИ Е?
5. ИЗВОР
6. НЕКОЈ ЧУКА
7. ЈАРЕЦ
8. ПУЛБАРДА (ГАЛЕБ)
9. СЕЌАВАЊЕ
10. ПРАШАНКА
11. ЗОШТО МАМО?
12. ШТО ЛИ МИ Е?
13. МОЈА ТАЈНА
14. МУРГО
15. МОЛИТВА
16. ДАР

### ДОМ – РОДНА КУЌА

17. ДОМ – РОДНА КУЌА
18. ПРИСПИВНА
19. ЧЕДО МОЕ
20. ГОООOЛЕМА МАКА
21. ЗЛАТНА РАКА
22. ТРЕВОГА
23. ПРВАЧЕ
24. ДЕТЕ СИ Е ДЕТЕ
25. ВЕШТ ШИВАЧ
26. ДЕДО МРАЗ
27. ВИОЛИНА
28. ЖЕЛБА

### ОДБЛЕСОК

29. ВИСТИНА
30. МАМИН СОВЕТ
31. ДЕТСКИ ВОЗ
32. ДРУЖБА СТАРА
33. „СКАЗНИ МАЛИ“
34. НАТПРЕВАР ВО ОУ „КОЧО РАЦИН“
35. БЛАГОСЛОВ

### КАЛЕЊЕ НА ПОРТРЕТ

36. МОЈТА МАЈКА
37. МОЈОТ ТАТКО
38. ЉУБОВ МОЈА
39. БАБА ЦВЕТА
40. ДОКТОР СТОЛЕ
41. ТОШЕ

### ДЕДОВИНО МОЈА

42. ЗБОРОВИ СТАРИ
43. АКВАДУКТ
44. БИГОРСКИ
45. ТАПАНИТЕ
46. МОЛИКИ
47. ПРИСПИВНА НА СОНЦЕТО
48. МАТКА
49. СКОПЈЕ
50. СТАРАТА КУЌА
51. ЖИВОТНА РАДОСТ
52. ДЕДОВИНО МОЈА

## ЗА СИТЕ ШТО БИЛЕ ДЕЦА

### КОРЕНИ

53. НЕ ЌЕ ТРЕБА КУМ
54. КУЌА ЈАКА
55. АКО „МОРА“!?
56. ТАПИИТЕ
57. МУДРО МОЛЧЕЊЕ
58. НЕ Е ВРЕМЕ ЗА, ВРЕМЕ Е ДА…
59. ПОМОШ ЗА НАШАТА СТАРА ДАМА
60. ЗА НАШИТЕ „УМНИ“ ГЛАВИ
61. ОД КАДЕ?
62. ЗОШТО МОРА?
63. МИР ЌЕ БИДЕ
64. КОРЕНИ

ЗА СИТЕ
ШТО СЕ И ШТО БИЛЕ
ДЕЦА

## СЕКОЈДНЕВИЕ

## 1. СЕКОЈДНЕВИЕ

Секој има своја мака,
секој нешто друго сака,
некој бара барем нешто,
некој бара сè и сешто.

Некој сака да е лесно,
некој сака да е чесно,
некој сака да е многу
за себе, не другому.

Ко натпревар да е некој,
јаже добро влече секој,
секој влече накај себе,
дај – не давам секој ден е.

И потоа чудно ли е,
кавга саде оро вие,
за навреди слушам сегде,
а за слога тук-там негде.

## 2. НЕПРАВДА

Неправда е да си мал,
неправда е да си стар,
неправда е да си полн,
да изгледаш како слон.

Неправда е сал да даваш,
неправда е сал да бараш,
неправда е бела коса,
без чевел, со нога боса.

Неправда е празна маса,
неправда е празна каса,
неправда е стомак празен,
без сила ко полжав згазен.

Неправда е да си тука,
неправда е да си таму,
неправда е да си сегде,
а за помош – „тука“ негде!

## 3. ТАГА

Сакам да се збрише еден
збор донесен од тешко бреме,
јас не мислам на збор жежок,
туку зборот тага – тежок.

Сакам тој да не ни треба,
верно, сакам да го снема,
сакам сегде среќа, радост,
насмевка, во душа младост.

Зборот тага да е лага
не вистина болна, тешка,
да е бисер, а не солза,
да се збрише – тој е грешка!

Вечно сакам да го нема
на Балканов, низ цел свет,
зборот што од јад се раѓа,
од неправда, зборот клет.

Да не биде тој на усни,
проклет да е кој го створи,
да испари, да изгори,
сал за љубов да се збори.

# ИГРА ЛИ Е?

## 4. ИГРА ЛИ Е?

Со зборови игра правам,
на бел лист јас ги ставам,
со моливче брзо пишам,
од ум збор да не збришам.

Збор по збор – строфа една,
на лист таа брзо седна,
збор по збор еве втора,
од деветнаесет е збора.

Збор по збор јас си редам,
туку-така јас не седам,
ги нижам во синџир еден,
за мене е многу вреден.

Сега тајна јас ќе кажам,
нема деца да ве лажам,
на синџирот име ставам,
песна деца така правам.

На крај, дури ја шептам леко,
затреперам ли ко лист меко
штом во око солза стои,
знам – добра е, мили мои.

## 5. ИЗВОР

Од душава ми се ронат
зборови во лист што тонат,
ко бисери паѓат леко,
на кадифе нежно, меко.

Дали беа тие зборој
во срцето мое скрити,
заробени, таложени,
ко дождовни капки тивки.

Преполнето срце мое
сега рони, брзо тече,
носи думи, како река,
ко буица турка, влече.

Се прашувам, извор ли е,
ќе пресуши, ил’ ќе трае,
во иднина, в живот иден,
кладенецов вечен да е.

## 6. НЕКОЈ ЧУКА

Тап, тап, некој чука,
да видиме кој е тука.
Пред портата жолт лист стои,
безброј зборови си рои.

Од далечна гора идел,
тој по патот многу видел,
жолти круши, грозје зрело,
калинки и дуњи в село.

Видел една добра вила
со злато сѐ прелива,
природата сјае, блиста,
како мома вредна, чиста.

Ткае нежно в топли бои,
знае брзо да ги спои,
ко уметник многу леко
во тепих од лисје меко.

Тап, тап, некој чука,
да видиме кој е тука.
Пред портата жолт лист стои,
дојде есен, деца мои.

## 7. ЈАРЕЦ

Во „Бујари“ гости бевме,
кај Лени, баш ова лето,
во игра, во добра дружба
го минавме време сето.

На крај една добра мисла,
да спремиме ние дар,
да нè помнат и нè спомнат
штом го видат него бар.

На плажата „Суво Дрво“
без одмор се бара прво,
очи, брада, ѕвонче лично,
лице, рогови и слично.

На сув корен од старо дрво,
залепивме лице прво,
па потоа уши прави,
од големи школки здрави.

Два полжава очи страшни,
од друг корен рогој важни,
а од морска трева сува,
брада остра – Бог да чува.

Од оклоп на ракче розе,
извадивме ние нозе,
направивме ѕвоно леко,
врзано со алга, кревко.

Го гледавме ние сите
со радост и гордост јака
подарокот јарец убав,
во десната моја рака.

7.

Штом го виде дарот Лени,
се возбуди, баш ја плени,
а пак Блерта, цртач вреден,
му направи портрет еден.

Лени почна да се дума
каде него да го чува,
на фасада, балкон први,
да го гледа тој што врви.

Со семејство мое сето,
во наредно, друго лето
таму сакам јас да бидам,
јарец личен јас да видам.

Дали чека, каде стои,
гости, народ дали брои,
во Ксамил со дружба стара
да нè види, дали бара?

## 8. ПУЛБАРДА (ГАЛЕБ)

Има една плажа лична
на Градиште наше слична,
само тука морски води
плакнат камен в чудни бои.

Водата е бистра, свежа,
со тиркизна боја, нежна,
што во модро таму тоне,
далеку од брегот сронет.

На дното сал плочи цели,
од камења мазни, бели,
нежни, како крила меки
на галеби брзи, леки.

Над морето карпа коса,
по неа јас одам боса,
ах, да беше мазна цела
лизгалка ќе беше бела.

На брегот пак таму десно,
карпа длаби море бесно,
со бранови како песна
ја претвора во прав лесна.

А долга е, кај в море нурка
ми запира поглед често
на галеб што стои, чува,
на стражарско – право место.

До пладне е море мирно,
а потоа луто, бесно, пени,
крева бранoj силни – бели,
опасност за сите смели.

Тогаш море врти, ткае,
камења во килим шарен,
тиркизни и темносини,
жолти, црвени, па сиви…

На оваа плажа жешка
со син ми без мака тешка
од камења шари правам,
па во ранецот ги ставам.

А ранецот многу мал е,
па доаѓа избор тежок
што да оставам на плажа,
што со себе јас да земам.

Чудесна е таа плажа,
килим шарен – како в сон,
ах, да имам камион
би земала јас цел тон.

## 9. СЕЌАВАЊЕ

Во тетратка една стојат,
зборој разни – спомен кројат,
нон и вата, тута сатам…
во минато да се вратам.

Ти вежбаше слогој разни,
си правеше мали сказни,
го вежбаше секој ден
говорот свој утрешен.

Јас смислував приказни,
за К – Кико Кикирико,
за Ј – Палавото јаре Јазе,
нови, топли, ептен тазе.

Ти учеше брзо, леко,
со устето твое меко,
јазичето, вежба, збори,
точни зборови си твори.

На крај една мака жешка,
Р ко вреќа многу тешка,
ТЗДЗ – вежба – песна,
Р излезе – најлесна.

Сега веќе нема мака,
нема тата, ами така,
нема сата, туку сака,
нема вата, а пак вака…

Зборот сега брзо тече,
не запира, не се влече,
само еден спомен стои,
кај книгите таму мои.

## 10. ПРАШАНКА

Те прашувам тебе, ете,
што е божур, ајде дете,
што е роза, каранфилче,
кокиче, та кандилце,
џунџуле, или перуника,
божји дар и вратика,
бела рада и јаглика,
хризантема, па дојранче,
момина солза, ѕвездички,
грчко око, зумбул, невен,
крин, среќа, а и лале…
на едно се место збрале?

Ако некое не го знаеш,
дојди ти кај нас, дете,
во дворот на баба Јорда
ќе го најдеш тоа…

## 11. **ЗОШТО МАМО?**

Кога беше ти второрaче
почна да си учиш слова,
некои слични на нашите,
од латиница – за тебе нова.

Па иташе, што побрзо,
да научи твојто главче,
ги ставаше в меморија
како мама рипки в тавче.

Ти сакаше сам да читаш
од кеси, книги или филм,
да не ме чекаш и молиш:
– Ајде, мамо, читај ми!

Еден ден проблем болен,
ти не смееш да си голем,
да составиш реченици
од букви в тетратка наредени.

Прашуваше: – Зошто, мамо,
кога и другите ги знам јас,
дај помогни ми, те молам,
да завршам сè за час?

Па си седнав и напишав
малку чудна песничка,
а потоа ти реков: – Пиши,
не заборавај, на латиница!

Што е тоа?

Тато копа,
бато сее,
мама пече,
баба сече.

Маче топче тапка,
бебе каша матка,
шатката се смее,
мојата баба пее.

Цеце коса сече,
Бошко како мече,
Сашо како бебе –
Тоа е моето ќебе!

Кајак како око,
чај како чоко,
сабја како јака,
кој како сака.

## 12. ШТО ЛИ МИ Е?

Помнам кога јас бев дете,
сакав снег да врне, ете
до појасот да ми стигне,
влажен, за сè да го биде.

Со санката да ме влечат,
под нозете дур го гмечат,
тој да пушта звуци нежни,
дур му кршат коски снежни.

Топки снежни да си правам,
по ѕидови јас да мавам,
Снешко голем да ме гледа
како в снег се валкам цела.

Камо сега да сум дете,
снег да сакам уште, ете
до појасот да ми стигне,
влажен, за сè да го биде.

Сега нешто сал ми студи,
сонце сакам да ме буди,
да е топло, да не дува…
Што ли ми е? Бог да чува!

Може сè е токму така,
в Скопје дамна снег не паѓа,
влажен, добар, да го биде,
бар… до колена да стигне.

Ако влажен снег пак падне,
и до колена ми дојде,
верувајте деца мили,
тој со лесно не ќе пројде.

Ама тогаш не ќе бидам
сама што во снег се валка,
покрај мене синот ќе е,
та добар снег и тој сака.

## 13. МОЈА ТАЈНА

Штом патуваш зиме, лете,
понеси си празно кесе,
за отпад по пат да ставаш
ти во него, мило дете.

Ако пак на излет одиш,
во гора, ил' покрај река,
крај езеро, на ливада
понеси си ти пак вреќа.

Штом се случи да изумиш
немој ти да плачеш дете,
постојано ќе се најде
– Еве едно празно кесе!

Барем кеси има секој,
во торба, во џеб, или в рака,
па се мисли што да прави
не му треба, не ја сака.

За жал, некој ја фрла ваму,
понекогаш дури таму,
па наместо трева, цвеќе,
само отпад, аман веќе!

На Велешко, за мај еден,
пред едно, ил' две лета,
што видовме, немам зборој,
природата в отпад „цвета“.

На гранките таму висат
хартии и празни кеси,
грда слика ме занеме,
в отпад треба да се седне.

А колку е само лесно,
отпад в кесе да си спуштиш,
да го врзеш, да не смрди,
дури в корпа да го пуштиш.

13.

Ако корпа нема близу,
ти чувај го, мило дете,
в рака, или покрај себе,
дур не речеш: – Корпа еве!

Сега ќе ја дооткријам
мојта тајна многу стара,
да дознаеш колку многу
збира една кеса мала.

На пластично шише празно,
пододврти малку затка,
па скокај на него, рипај,
да направиш плочка рамна.

И додека на шише стоиш
заврти му добро затка,
па стави го ти во кеса,
па ќе видиш дал е мала.

Не ти треба цела вреќа,
ако примиш тајна мала,
ќе успееш сѐ да збереш
и во кеса што се здала.

Ако секој вака прави
колку сѐ ќе биде чисто,
пат, ливада, гора, река,
двор, улица… сѐ ќе блиста.

# 14. МУРГО

Кај куќата наша мила
на крај село што се свила,
дупчеа за вода здрава
машини во бука права.

Еден ден, каква слика,
на лицата радост бликна,
пред портата наша влезна
чуварчето мало седна.

Мало топче, во мед боја,
на шепата предна своја,
лева, десна, не знам која,
широк чевел в бела боја.

Сал во лице беше темно,
црни веѓи, носе, чело,
лут поглед, страшен лик,
иден другар – сопатник.

Го гледавме право в очи,
тешка работа, без почин,
„Кум да бидеш, не е лесно!“,
опаш врти, лево-десно.

Со души на добри вили,
во мислите благи, мили,
му одбравме име, стварно,
за изгледот негов – арно.

Го викавме Мурго ние,
кога и да ни се скрие,
пуштен беше на слобода,
му носевме храна, вода.

Едно утро, глеј го нема,
дали некој ни го зема,
празна порта сега стои,
в душа тага, мили мои.

Го баравме низ сред село,
в жешко лето, многу врело,
вика синот на цел глас,
„Мурго, Мурго!“, нема ав.

А сакаме да не памти,
да дотрча, да се врати,
да залае како треба
лоша мисла да избега.

## 15. МОЛИТВА

Мили Боже, многу ли е
од тебе што барам јас,
да ми дариш уште едно,
женско-машко, чедо бар.

Мили Боже, смилувај се,
отвори ги сите врати,
како дар за љубов наша,
второ дете ти испрати.

Ти ветувам јас за возврат
сите деца ќе ги крстам,
во Бигорски, покрај Река,
одлука е моја цврста.

Мили Боже, дај да може
син ми да е с’ брат ил’ сестра,
мили Боже, дај да може
да ни стигне скоро веста.

## 16. ДАР

Ако веќе ти дар дадеш,
немој после да се јадеш,
та да мислиш дали згреши,
дар што даде, што се реши.

Ако дадеш, молчи, трај,
од срце да биде, знај,
без услови и без прекор,
без рокови и без декор.

Не зборувај ти за тоа
каков дар ли ти му дари,
па наместо среќен да е,
дарот тажен да го прави.

Остави го сам да каже
каков дар ли ти му даде,
да чувствува дека добил,
а не дека дар тој краде.

Нека тој што добил дар
го чувствува за свој сал,
а не како туѓо нешто –
Подарено?! – сѐ и сешто.

Ако ваков дар тој има,
не се чуди кога в плима
на гневот, од дарот пратен
– подарокот ти е вратен.

# ДОМ – РОДНА КУЌА

## 17. ДОМ – РОДНА КУЌА

Домот наш е и твој,
расни крај нас тука,
спиј си мирно ти во овој
дом – родна куќа.

Тука пееш и се смееш,
тука имаш сé,
мама, тато, мое злато,
зар ќе речеш не?

Спиј си тука мило мое,
имај мирен сон,
родна куќа знај се вика
секој топол дом.

## 18. ПРИСПИВНА

Беше мало, мое чедо,
во рацеве те нишав нежно,
чекорејќи во мрак кроце
ѕиркав во твоето окце.

За добар сон, мило мое,
приспивна ти песна пеев,
со глас тивок, пополека,
со милозвучна мелодија:

Нани ми, нани, злато мамино,
нани ми, нани ти.

Големо да ми пораснеш,
во школо да ми одиш,
таму да ми читаш
баба-жаба, дедо-медо.

Заедно ќе купиме торбичка,
книги и тетратки,
моливи и гумички,
боенки и боички…

Нани ми, нани, сонце мамино,
нани ми, нани ти.

И замижа ли окце мало
јас знаев,  си заспало,
ама уште пеев, нишав,
па на кревет со шшш… те спуштав.

## 19. ЧЕДО МОЕ

Мало беше и палаво,
со косиче кадраво,
со очички како цреши,
со прстиња мали, смешни.

Мало беше, умно главче,
знаеше да свртиш шрафче,
со детските прстиња
на вредните рачиња.

Не ти беше тебе важно
дома ли си или таму,
во дворот на чичо Мите,
сал да работат вредните.

Чичо Мите со насмевка
гледаше во нив – вредни,
за награда ќеречеше:
– Работнику, ајде седни!

Мило беше, ѕвезда светла,
ми порасна, време летна,
сега си ми момче јако,
растеш чедо, ами како!

## 20. ГОООЛЕМА МАКА

Секоја вечер слична слика,
јас го викам, а тој игра.
„Ајде сине да те мијам
зар не гледаш веќе спијам.“

На играта крај не става,
ваков предлог тој ми дава:
„Оди легни, јас не спијам,
и сам можам да се мијам.“

Јас го молам: „Дојди тука,
зошто полноќ веќе чука.
Гледаш зевам, солзи ројам,
во бањава едвај стојам.“

Ко да не чул, божем така,
продолжува, кавга сака.
На крајот јас помош барам:
„Тато, кажи нешто, да не карам.“

Тато сече игра мила,
Бобо лета ко со крила,
се спрема и в кревет ита,
книга сака тој да чита.

Тато вели: „Сега доста!“,
работата била проста.
На перниче глава стави,
си легнавме живи, здрави.

## 21. ЗЛАТНА РАКА

Син ми Бобо многу сака
мајстор да е, да поправа,
шајки кове со чукчето
со својата десна рака.

Со шрафцигер во џеб шета,
бара завртка ко мета,
врти вешто, многу лесно,
час на лево, па на десно.

Без цртање веднаш сече,
од картон тој прави мече
и јунаци многу славни
од цртани или сказни.

На тато е помош вредна,
носи алат, та не седна,
мирно чека да му рече
клешта жица да пресече.

Шамичето со нежни бои
во капут личен тој го скрои,
па на лавот го навлече,
го соши и не го свлече.

Од хартија прави влечка
за него и сестричка,
а од крпи комплет летен
за Ивица – кукла, а дете.

Селотејпот душа нема
штом тој реши да го зема,
лепи, лепи, безброј пати,
за да држи, да не клати.

Чита шеми, мисли, реди
авиони и мопеди,
сѐ му оди лесно така,
зашто има златна рака.

## 22. ТРЕВОГА

Моето синче мало беше,
па пикаше прсте сегде,
во дупчиња мали, разни,
само тие да се празни.

Јас му велев: – Немој сине,
ќе направиш страшна беља,
ќе го бутнеш в дупче мало,
ќе остане заглавено.

Не верува, дете мало,
проби прави што би збрало,
та во цевче прсте стави,
во плач вели: – Не се вади!

Плач тревога брзо крена,
добро е што не бега,
плаче, пишти, в прсте гледа
и прашува: – А што сега?

Прво пробав јас со вода,
каква проба, каква вода,
течен сапун после ставив,
нема фајде, баш заглавил!

Трето нешто Владе рече:
– Дај со масло, шише еве! –
па сипува, масло става
како да го лие в тава.

Вода, сапун па ни масло,
не помага да се слизне
кажипрсте низ цевче мало,
како ли го Боже збрало?

Продолжува мака тешка,
цевчето на прст по грешка,
не се вади, уште стои,
проблем голем, што ни скрои?

Почна врв на прст да модри,
Владе мисли што да стори,
цевче не може да сече,
мора тоа да се влече.

Та си запна силно, јако,
како многу добар татко,
тегне, мери дали може,
уф, излезе, мил мој Боже!

Изморени во пот цели,
си седиме како неми,
за секого одмор треба
после една ваква беља.

## 23. ПРВАЧЕ

Беше мало слатко маче,
па порасна во прваче.

Учи, брои, црта, сече
стана силно како мече.
Пее букви за да чита,
слог по слог: пи-та.

Со рачето во тетратка
линии со молив влече
коси, прави, полукружни…
така занает си пече.

Друштво сака, не е лага,
на сите да помага,
има само една мака
да е прв во трка сака.

Итроштини има разни
Пејо наш од стари сказни,
чита многу, басни сака,
да си легне, вака-така.

Полноќ чукна, а не спие,
скока, трча и се крие
само лице да не мие
и запчиња да не трие.

И потоа чудно ли е
што наутро му се спие,
доцни на час, дур влегува
зад мојот грб тој се крие.

## 24. ДЕТЕ СИ Е ДЕТЕ

Си имам јас вредно дете,
со четкичка бои ете,
вистина јас велам права,
батерија за туш става.

Со миксерот јајца матка,
раванија прави слатка,
сега малку одмор прави,
во цртан филм заглави.

Има уште тој да смета
и граматика има сега
прирок, подмет, множина…
утре има контролна.

А цртани брате слатки,
иако се многу кратки,
заедно – ко цел Дрим,
време – еден игран филм.

Си помислив, и јас бев дете,
колку сакав да е лете,
цело време игра, песна,
нема школо, клупа тесна.

Арно ама, денот лета,
учењето уште чека,
се косам јас, не лажам,
морам нешто да му кажам:

„Бобо, сине, знај мора
да пишуваш, учиш сè,
за да станеш како тато
учен, вреден, еден ден.

И тогаш ќе имаш, мило,
свое мало чедо, ти,
ќе му збориш, ќе го учиш,
како тебе сега – јас и татко ти.“

## 25. ВЕШТ ШИВАЧ

Мојот син е вешт шивач!
Од сите три прави страни,
со машина шие, раби,
перниченце мало прави.

Од четврта страна бутка,
во перничка партал тутка,
да излага не му дава,
па затоа раб тој става.

Перничката многу мала,
готова е, партал збрала,
ја гледаме ние двајца,
за иглички душа дала.

Па си седна шивач вреден
си набоцка игли в нејзе,
па ги брои, не е шега,
една игла – денар вредна.

Си направи есап шивач,
колку игли таа збрала –
толку пари тој ќе бара,
перничиња ќе продава.

Штом му тргна нему сега,
ќе работи, се напрега,
перничиња прави лесно,
шест се веќе, место едно.

Се измори шивач вреден,
па си легна, горд на себе.
Сега дури мирно спие,
дали и во сон шие?

Браво, сине, радост моја,
на место е гордост твоја,
кроиш, шиеш како сакаш,
на машина или рака!

## 26. ДЕДО МРАЗ

Дедо Мраз е наша тема,
цели години ни зема,
како може тој да лета,
со елени, ко комета.

Како ли во оџак влева,
капак вади, па излева,
подароци брзо става,
бега назад ко без глава.

Зошто дома тој се крие,
та лани го видовме ние,
на плоштадот рака пружи
и со син ми тој се здружи.

Син ми има една мака,
да го види многу сака,
низ оџакот тој да слезе
и во одаја да влезе.

Крои планој кај ќе чека,
крај постела своја мека,
да го гушне, да го стегне
и во кревет да го легне.

По далечен и долг пат
да одмори барем час,
нека јаде, нека пие,
гревота е, нека спие.

2008-ма на прагот ни чука,
Дедо Мраз ќе биде тука,
желба нова син ми стега,
нема каде да се бега.

Се сеќавам скоро рече,
маминото мало мече:
– Сакам едно мало, бар,
шарпланинче – негов дар.

## 27. ВИОЛИНА

По мачен, долг, страшен пат
спроти Крф си бевме пак,
во малото Ксамил село,
под сонцето жешко, врело.

На плажата „Суво дрво“,
пред татко ти влезе прво,
без „мускули“, сал на кратко,
да разладиш тело слатко.

Јас симнував од грб товар,
торби чува – чувар добар,
во облека стоев чудно,
со окото едно будно.

Во тебе јас ѕиркав често,
зошто не ме држи место,
сам да бидеш ти во море,
далеку од мене, доле.

Дур татко ти те тебе стаса
ти заплива, повјаса,
без „мускули“, помош права,
во јонската вода здрава.

Од радост ти скокна, викна:
– Пливам! Луѓе пливам јас!,
чинев „Суво дрво“ свири
виолина, во тој час.

## 28. ЖЕЉБА

Многу сакам дом да имам,
на планина јас да бидам,
мир да биде, спокој права,
нема бука, глетка здрава.

Сакам трева, полско цвеќе,
сакам поток јас да тече
во дворот мој, покрај куќа,
в пролет, лето, жубор вечен!

Ако нема, ќе направам,
извор мал со вода бистра,
птици да се капат в лето,
жед да гаснат со вода чиста.

Па ќе седнам, ќе уживам,
во жубор, во птичја песна,
во роса, во сонце мило...
Уф, што убаво би било!

А куќата, ах, да изгледа
ко некоја таму стара
со дрвени греди, чардак…
ко шадрван – дневна одаја.

# ОДБЛЕСОК

## 29. ВИСТИНА

Ако сакаш во животот
радост, смеа, а не тага,
не кажувај невистина
попозната како лага.

Кој вистина говори
не си носи тешка-капа,
а во мислите и градите
стега што се вика лага.

Вистина е да се сака,
да се игра, да се санка,
да се црта, да се смее,
да се пее… сѐ без ама…

Вистината боли, пече,
може некој ќе ти рече,
но ѝ дозволиш ли да тече
неспремен не ќе те затече.

Кој вистината не ја сака
тој си има грозна мака,
да изусти тој се стега,
збори тивко, се напрега.

Вистината знај е јака,
блажен да е кој ја сака,
тој во очи гледа право,
не црвенее, стои здраво.

## 30. МАМИН СОВЕТ

Ако згрешиш, мило сине,
па некој тебе ми те кори,
наведни ти очи долу,
ко риба да си, не збори.

Оној што си ведне очи,
сал со укор ќе си мине,
не ќе треба да се кара,
прошка веднаш му се дава.

Немој како некои деца,
што се смеат дур ги корат,
не е добро тоа сине,
такви деца солзи ронат.

Ако знаеш дека прав си,
а друг тебе ми те кара,
ти високо крени глава
усте правдина нек бара.

Сето тоа направи го
без викање, туку тивко,
правдината токму така,
мило сине, е најјака.

Сè што ќе е поинаку
в тешка кавга ќе се реши,
а по неа најтажен е
оној, сине, којшто згрешил.

Запомни го сето ова,
дај му примена ти своја,
па кажи ми после мене,
дали советов е вреден.

## 31. ДЕТСКИ ВОЗ

Во мир, слога да играте
вие деца низ цел свет,
на плажите, в училишта,
на ливада со нежен цвет.

Нека песна детска има,
радост, смеа, секој миг,
испружете детска рака,
секој – секого да сака.

Место кавга, крвав нос,
направете детски воз,
што ќе чувка, брза, кружи,
– Убаво е да се здружиш!

Со добро друштво сè е лесно,
игра, книга, па и в тесно,
да помага друштво сака
штом се најде другар в мака.

Штом со други ти се сложиш,
ден ќе сакаш да се должи,
разделба ќе биде – мака,
оти срце блиски сака.

Тогаш итај, брзо заспи,
не тагувај, туку спиј,
така ноќта брзо мине,
пак со ближни ќе си ти.

## 32. ДРУЖБА СТАРА

Беше тоа чудно време,
без товар, без страшно бреме,
минато во игра, песна,
со мал арч во дружба чесна.

Кај нашите Попе, Зоја,
се збираше дружба моја,
Јоне, Наде, Леонида,
Гојко, та без нас не бива.

Тука ние многу често,
во малечка дневна соба,
во игра, во смеа здрава,
уживавме в дружба права.

Се пуштаа песни разни,
Мустафа, Ко чоколада,
Јаболки и вино – стара…
добра да е, друштво бара.

Се играше многу долго,
со часој без престан, дете,
на крај на романса права,
јас си губев своја глава.

Цигани Ивановиќи,
музика што јас ја сакам,
со љубов ја слушав в зори,
кога друг од умор паѓа.

Играв, скокав, па се вртев,
со Јоне, ил’ сосем сама,
на музика што ме крева,
што на душа мир не дава.

Сето тоа беше дамна,
пред  дваесет и пет лета,
сега ретко се гледа дружба,
секому му нешто смета.

Мина време та се смени
сè па и дружба стара,
остана во душа, мисла,
зар невозможно срце бара.

## 33. „СКАЗНИ МАЛИ“

Поговорки сакам разни,
прекрасни, ко мали сказни,
од секоја се ука влече,
без никој ништо да не рече.

Ајде сега, што ќе „влечеш“
ако туку-така другар рече:
– Не се дружам јас со тебе,
другар нов си имам, еве!

Размислувај, не се коси,
око треба да зароси
на оној што во стар плука,
дури нов бунар копа тука.

Тој што вака ми ти прави,
тој не знае, ти го жали,
оти кој за друг јама прави
сам во неа ќе се стави.

Тоа ти е многу слично
со една друга, многу стара,
што ќе сее, ќе си жнее,
помош нема, нек не бара.

Прво фрли ти зад себе,
за да најдеш пред себе,
поговорка уште една
за стар другар – посебна.

Кога тој нив би ги знаел,
така не би рекол, правел,
во животот многу малку
за сторено би се каел.

Ама не е токму така,
другарот ќе има мака,
новиот си добро знае,
грб ќе сврти кога да е.

Сево важи за проблем секој,
помош не чекај од некој,
ами мисли, ум нек бара
одговор во „сказна мала“.

## 34. НАТПРЕВАР ВО ОУ „КОЧО РАЦИН“

На игралиште јас сум сега,
в училиште мое-ваше,
во фудбал се мерат сили
во натпревар за вас важен.

Навивам за мојот Бобо
и негово „Челзи“ цело,
испотено, борбено,
многу жар во игра внело.

Ко играчи искалени,
од два тима тука збрани,
се напрегаат гол да дадат,
па трчаат напред–назад.

Во игрaва некој паѓа,
па ита, во бој се враќа,
некој пак се вие, валка,
од судија свирка сака.

Сериозни, душа дават,
„Челзи“, а и „Диви лавој“
и судија саде еден,
со свирче и мобилен.

Крај теренот детски џагор,
навивачки женски табор
вика гласно: – Напред наши,
противникот од вас се плаши!

И тренери има тука
наставнички вкупно три,
Славица што пенал бара,
па Цвета, а и Гордана.

Натпреварот дури тече,
мисла назад ми се влече,
во минато, мое време,
кога и јас си бев дете.

Без партали, на чист терен,
со наставник – спортист верен,
се спремавме за натпревар
во ракомет, мое дете.

И не помнам јас сега
кој победил, а кој не,
туку дека се дружевме
и прекрасно беше сè.

## 35. БЛАГОСЛОВ

На срце ми лежи нешто
како лута, стара рана,
што не појдов јас кај дете,
како ред е, дар да дадам.

Не беше до тоа каков,
скап или не, дар ќе биде,
зашто, штом од срце дадам,
непроценлив тој ќе биде.

Нешто друго зад сè беше,
здравјето и мало дете,
та не дојдов, како ред е,
да те дарам тебе-бебе.

Да те гушнам, да те милнам,
да посакам среќа, радост,
да си јако, цврсто, силно,
дете мило, внуче мало.

Еве сега, преку песна
благослов е мојот дар,
„Да сте среќни, Бојан, Леон…
од сè срце посакувам!“

# КАЛЕЊЕ НА ПОРТРЕТ

## 36. МОЈТА МАЈКА

Мојта мајка, многу мила,
со срце на добра вила,
со насмевка тивка, мека,
ширум раце гости чека.

Мојта мајка, коси бели,
само топли зборој реди,
време има зиме, лете,
за секое свое дете.

Штом јас ново нешто земам,
во животов свој да спремам,
весник ли е, прва песна,
поддршка ми дава чесна.

Мојта мајка, цврста, јака,
трпеливост многу сака,
добродушна, прошка дава,
светица на коњ што јава.

Мојта мајка, јунак голем,
што не сака да е болен,
да помогне многу сака
секому што има мака.

Мојта мајка, добра, мила,
во срцево ми се свила,
го топли, го бодри, теши,
прошка дава, ако згреши.

## 37. МОЈОТ ТАТКО

Благодарност моја тато
за сè што ти ми подари,
вечно ќе ги помнам твојте
карактерни црти – здрави.

Ме учеше да не лажам
вистината да ја љубам,
да не фрлам отпад сегде,
времето да не го губам.

Да сум од збор и да стојам
зад сè што јас ќе кажам,
да испечам, па да речам,
помош од друг да не барам.

Ми велеше: – Учи сине,
дај од себе колку можеш,
за оцени не се грижи,
наученото напред движи.

Ме натера јас да мислам,
да сум чекор еден напред,
– Кога молчам – пак зборувам!
основата ми ја даде.

Ме научи на упорност,
со љубов јака сè да правам,
– Наградата сама иде,
таа тебе ќе те бара!

Ми покажа како треба
своја земја јас да љубам,
правдина да барам, чувам,
надеж никогаш да не губам.

Ти ми рече да не правам
разлика по вера, боја,
по постапките на луѓето
својот суд да го скројам.

„Секоја чесна работа
не го прави човек „долен“,
делата го чинат човек,
а скромноста – да е голем!“
.......................................

И додека свеќи палам,
добро знам ќе се слуша,
низ стиховите на песните,
одѕивот на твојта душа.

## 38. ЉУБОВ МОЈА

Те запознав многу дамна,
на кејот, под една ламба,
ме плени со скромност права,
со зрелоста цврста, здрава.

Стоеше во друштво твое
со другари еден рој,
беше кроток, многу мирен,
сериозен ликот твој.

Го помнам и ден-денес
и ликот и твојот глас,
твојте очи, твојот мустаќ,
рамената, твојот стас.

Ме маѓепса со срце добро,
со насмевка, топол збор,
па се вљубив во тебе вечно,
љубов моја, свивме дом.

Татко си на мојто чедо,
љубов моја, мој си здив,
те љубам јас силно тебе,
ко реката својот слив.

## 39. БАБА ЦВЕТА

Твојата баба дар ти дала
– твојот татко, мое чедо,
па затоа внуче нејно си,
но и на твојот дедо.

Името ѝ беше Цвета,
за рода своја – Цветанке,
но, јазичето да не ти лета,
ќе си кажеш – баба Цвета.

Милуваше таа многу
облека со светли бои
и уредна коса своја
бојосана – лешник боја.

Нејзините очи беа
слични ко на чичо Мите,
кафеави, ко едри црешни,
очи топли, многу нежни.

А едрата снага нејна
не личеше ко за баба
подвиена, згрбавена,
ами рамна, пушка права.

Та не беше чудно, сине,
лична баба што му рече:
„Место стара - години се,
доктор Ѓорѓи, да миречеш!“

А на доктор да си појде,
хоби како да ѝ беше,
да провери, само така,
што ли тој ќе ѝ рече.

Твојата баба – домаќинка,
цел свој живот си го дала
во кујна, за своите мили
да приготви топла храна.

А готвеше многу добро,
да изедеш прсти свои,
паша ќофте, долма, сарми,
супа од коска, гурабии…

Штом по скали песна чуев,
знаев дека таа пее
во кујната дури мие,
готви, меси, кори вие.

39.

Песни стари, зборој древни,
на усни ѝ беа нејни,
за Ордана Пиперката,
за алва што Дончо мери…

Горда беше баба Цвета
на учени, машки деца,
чичо Симе, чичо Мите,
тато Владе, баш на трите.

Се фалеше таа често
со нејзин Боро, твојот дедо,
како есап вјезден правел,
со една плата куќа градел.

Често ние ја молевме
да ни каже како било
за време што летнало
и во срце ѝ се свило.

Па ќе седне баба Цвета,
со исправен грб и глава,
раскажува случки разни
со насмевка топла, блага.

Ги сакаше своите внуци,
Андреј, Филип, та и Ана,
а за тебе да те ниша,
својта душа би ја дала.

Таква беше твојта баба,
да ја помниш многу лета,
да не дадеш прав да падне
на ликот на баба Цвета.

## 40. ДОКТОР СТОЛЕ

Има еден доктор добар,
за син ми е чичко Столе,
висок, крупен, смирен лик,
знае тој да скроти бик.

Доктор е што многу знае,
најдобар на цел свет,
син ми таква верба има,
се гледаат в лете, в зима.

Трпелив е, спокој права,
со логика многу здрава,
решение има право
за детето да е здраво.

Па затоа не е чудно,
што успеа до сам врв,
во уши, во нос и грло
на син ми да ѕирне прв.

Во ушиња инче става,
па од „Цацко каша“ права,
па со стапче чисти, брише,
син ми тогаш бавно дише.

Ноздри тој со клешта шири,
син ми едвај да се смири,
а за грло – Аааааа… – си вика
само стапче да не пика.

Со доверба преглед тече,
дур по нешто секој рече
доктор Столе преглед стори,
Бобо вели: – Не ме боли!

По устиња веднаш знае,
со водата тој до кај е,
дали син ми малку пие,
тука не може да скрие.

Другари се први, прави,
разговори прават здрави,
за поправки разно – разни,
мајстори од некои сказни.

Разговорот напред влече,
син ми има што да рече,
јас му велам: – Ајде сега,
треба дома да се бега!

## 41. ТОШЕ

Во градиве болка стои,
в огледало тажен лик,
очите ми солзи бројат,
во душава тага, крик.

Не те знаев, а те имав
како близок, како свој,
од песната твоја земав
за душава моја спокој.

И сега штом песна чујам,
штом испеам еден стих,
како река, итам, бру‌јам
во твојот свет чист и тих.

Ја сакам јас твојта чесност,
твојта скромност, твојот глас,
кога и да чујам песна „Игри…“
душа венее, ко жолт клас.

Во главава искра мала,
гордост си за сите нас,
расте, турка, чисти, брише,
на душава ѝ носи спас.

Насмевка јас твоја помнам,
како бисер на твојот лик,
блажена е и ангелска,
зашто во душата беше чист.

Благодарност моја вечна
за сѐ она што стори ти,
за мене, тој, таа, тоа,
за домов наш македонски.

# ДЕДОВИНО МОЈА

## 42. ЗБОРОВИ СТАРИ

Сакам зборови многу стари,
дедо, баба ни ги дари
низ приказни и низ песни,
зборови наши, злато – вредни:

Дедовина древна, драга,
чунки мома с гајтан снага,
п’на класје, ж’ти жита,
рујно с’лнце, виножита.

Зад корија зора руди,
петел пое, гора буди,
стадо блее, звук се лее,
дреи ветви, ветар вее.

Сетне тук на чардак јаска,
се напих од стомна ладна,
па си стегнав кожен ремен,
на опинок саде еден.

Та си појдох по басамак,
преку трем, та дур до бразда,
да си свијам, па испијам,
тутун еден, ко прав „газда“.

Во лад, дур се лисје к’ти,
как мониста, срма, ж’ти,
глава клатам и се думам,
немаштија – верно грубам.

Чуму плач и с’лзи дробни,
чуму т’га, челад мои,
та од туа не си идам,
на печалба да ти бидам.

Тешко бреме, м’ка ж’чна,
ќесе празно, живот м’чна,
натагарен тука дрочам,
ама решив да не ст’пнам.

Во тужбина да ти идам,
во мрак, с’нце да не видам,
изгор жив, по род да свенам,
дробна челад, азган жена.

42.

Блажен да е домот вреден,
празна бочва, долап еден,
бардак личен, грне с гравче,
ѓум, тепсиџаче и тавче…

Ако нема долма в тава,
џимиринка мрсна, здрава,
ќе се јадит ѕенѕер, џанка,
пржоли и сол слатка.

Љубам зборови многу стари,
секој еден – алтан вреден.

## 43. АКВАДУКТ

Штом од Блаце ти доаѓаш,
пред да стапиш в Скопје мило,
по патот ќе ѕирнеш едно
човеково чудно дело.

Од чудење здив се зема,
што е тоа, река нема,
на убав мост многу личи,
изграден од раце… чии?

Камен, тули, малтер силен,
со векови од дожд миен,
во столбови, лаци, вграден,
место пат – канал направен.

Носел вода за град еден,
Аквадуктов – мостов вреден,
цело Скупи да се мие,
пере, вари и да пие…

Со природа тој се сплотил,
зеленило, полско цвеќе,
крај него и на раб горе,
се гледа во пролет, лете.

Покрај него седам сега
со семејство свое цело,
го гледам, се чудам, мислам,
колку прекрасно е дело.

## 44. БИГОРСКИ

Над Радика брза, бистра,
во планина, в гора ладна,
како бисер таму лежи
црква една, многу стара.

Свети Јован Крстител е
нејзиното свето име,
манастирски конак еден
таму одамна е свиен.

Бигорски е негов прекар,
оти од бигор е граден,
на карпеста, тврда почва,
камен на камен е ставен.

Милосливост, спокој права,
манастирот в душа дава
штом во дворот негов стапиш,
низ дрвена порта, стара.

До портата глави – ламји,
блика од нив бистра ладна,
рака ѕемне среде лето
штом под водата се става.

Покривот од шкрилец темен
во древно те враќа време,
иако е скоро ставен,
пред десетина лета реден.

Чардаци, од конакот,
од дрво со темна боја
топлина му дават, мекост,
на бигорот в ладна боја.

Иконостас голем, личен,
познат ширум сиот свет,
од раце на тајфа една,
изработен – длабок рез.

44.

Штом го видиш, ти сети се
на Гарката со дружба цела
како верба, живот, дела
во дрвото здушно внела.

Икона од сребро сета
на Крстител таму чека,
рожба да им даде, здравје,
на луѓе од разна вера.

Од манастир право гледам
отаде Река села стари,
од Требиште накај Гари,
в убавина Бог што дари.

Има нешто што не може
со зборови да се каже,
туку појди, таму иди,
треба тоа да се види.

## 45. ТАПАНИТЕ

На свадба си бевме сношти
в кафеана една стара
каде тивка, мила Злата
грижата за синот ја предава.

Не пречека чудна слика,
ведри лица – радост блика,
тапаните силно бијат,
зурли стари звуци лијат.

Затрепери мојта душа
од звуците што ги слуша,
срце бие чудно, како
во ритам на тапан, јако.

Ме потсети мене сето,
чекор, звуци, на Тешкото,
на Галичка свадба стара,
многу народ в едно збрала.

Нема тука селски декор,
носии и куќи стари,
коњ, стрмини, зеленило...
Ах, Галичник тука да си!

Како да е, волшебна е,
ќе ја помнам многу лета
свадбата на Тоше и Мила,
со трепет во душа сета.

Ќе помнам јас чедо мое
како в оро што се вие,
учи чекор на правото,
со љубов, со срце свое.

А потоа, на ритам друг,
на музика друга, нова,
со прекрасен стил се врти,
со мене во игра своја.

Колку многу убо беше,
тапан, зурли, чувства силни,
во игра, во оро право,
тука на купче се збрало.

Уште долго ќе ме носи,
звук на тапан, зурла стара,
во душата одек вечен,
македонска свадба права.

## 46. МОЛИКИ

Има една глетка чудна,
што ме држи да сум будна,
да не спружам свое тело
на кадифе – папрат цело.

Зелено е, в сенка ладна,
ко постела многу мека,
ми нуди да легнам веднаш,
време в спокој нека лета.

Над папратот борој вишни
мирис широт среде лето,
што опива како љубов,
душа моја, тело сето.

Не се ова какви било
борови што в небо стремат,
туку божја дарба стара
за природа врвно дело.

Молики се тоа наши
со пет игли место две,
тука можеш да ги видиш,
на друго место, не знам, не!

И дур под нив стојам будна
во срцево желба чудна,
дом свој топол јас да имам,
под молики јас да бидам.

Пелистерски бистри очи
бдеат над зелениот бор,
те чекаат да го видиш
– О, убавина! – чесен збор.

## 47. ПРИСПИВНА НА СОНЦЕТО

Од плажа се враќа секој
изморен од денот врел,
во езеро гледа некој
огледало – пејзаж цел.

Во прегратка држев чедо,
од возило гледав ведро,
како таму негде леко
нурка лице кружно, меко.

Езерото сјае, блеска,
в руменило, в топли бои,
додека се сонце капе
во вода што мирно стои.

Дури гледав како миеш
бистро лице в езеро,
приспивна ти пеев нежно,
за добар сон, радосно:

„Нани, нани сонце,
оди сега спиј,
утре пак ќе изгрееш,
ќе нѐ грееш ти.

На Градиште в бистри води,
ќе нурнам јас цело тело,
утре дури силно сјаеш,
сонце наше многу врело.

А приквечер дури нуркаш
во Охридско Езеро,
приспивна ќе пеам тивко,
за добра ноќ, повторно.

Нани, нани сонце...“

И дури ти пеев тебе,
во прегратка заспа дете,
испотено лице, чело,
косичето, утоп цело.

## 48. **МАТКА**

Ако сакаш ти да видиш
како карпи облак сечат,
како луѓе торби влечат,
како орел крила вие,
како вода камен мие,
како бистра, брза река
нестрпливо кајак чека,
како свежо ветре милка,
како река бучи, свирка,
ако сакаш лад сред лето,
ако сакаш ова сето,
тогаш појди драго дете
со мама и тато в лете,
в место што на вреќа личи,
каде Треска камен бичи.

## 49. СКОПЈЕ

Имам една желба силна,
во небото да се вивнам,
ко орел да летам, мирно,
ко облак по небо ширно.

Па, од таму да го гледам
градот многу долг и широк,
како лежи покрај Вардар
мирно, тивко, дур го мијат.

Улиците празни дур се,
дур луѓето уште спијат,
дур возила уште нема,
Скопје мое здив дур зема.

А штом врева почне јака,
градот дур е в страшна мака,
тогаш сакам да се скријам,
во гнездото да се свијам.

Да не слушам, да не гледам
како возат брзо, бесно,
фрлат отпад лево-десно
како валкат родно место.

А личен си ти, мој граду,
во срце те носам свое,
сокачиња, стари куќи,
Камен мост и Кале твое…

## 50. СТАРАТА КУЌА

Бев колку мојот Бобо,
на години девет мои,
на куќа си спомнам стара,
ја вадам од спомен свој.

Во Крњево таа беше,
„Кратовска“ – 58 број,
со двор голем, царство мое,
зад ѕид од керпич, скриено е.

Пред неа ко сега стојам,
жолта, мала, црвен цреп,
широк балкон за корито,
убав базен, зарем не.

Претсобје со маса кружна,
со ногарка на сред една,
мала кујна, шпорет бел,
стави дрва да е врел.

Од две соби со мебел цел,
земјотресот зеде дел,
па остана само една,
за нас соба многу вредна.

Под балконот, дом за зајци,
со поглед на дворот цел,
колку убаво е во него
лете играш по цел ден.

Стара смоква, раскрилена,
со гранки во куќа збити,
раѓа црни, едри, распукани,
меки лица многу ведри.

50.

Цресна една в небо виши,
црни цресни право чудо,
се качувам јас по неа,
ко мајмунче, брзо, лудо.

Чефтелија жолто-бела,
со посебен некој вкус,
тато сака да е сочна, зрела,
кога од семка се двои цела.

Чешма една во двор стои,
зиме, лете извор чист,
мама стои, пере, мие,
зиме трепери ко лист.

Сето тоа тука беше
на овој или оној ќош,
Северната магистрала дојде
како сон со исход лош.

## 51. ЖИВОТНА РАДОСТ

На цршата наша стара,
што баба ми ни ја дала,
со гранки кон небо вишно,
има едно гнездо скришно.

Во гнездото, еден ден
со свој љубен, во трепет,
гулабица јајца пушти,
во денови топли, сушни.

Во домот наш радост, среќа,
две пиленца син ми чека,
со гугутка саде збори,
„Стани, да видам што стори!“

Гулабица мирно лежи,
зашто знае многу вреди
потомство да имаш свое,
има зошто да се седи.

Љубен свој таа вика,
да појави своја лика,
дури таа нозе тегне,
тој над јајцата да легне.

Радоста ни дојде права,
штом под крило ѕирна глава,
од пиленце мало, нежно,
право чудо, не е снежно.

Бог гулабица надари
вкусна каша да си прави,
клун в клунченца да ја става,
на пиленца љубов дава.

51.

Пилињата брзо растат,
па гнездото стана тесно,
едно храбро, меѓу две,
излезе од гнездо лесно.

Акробат, на жица стои,
едвај, ситно, чекор крои,
го вежба тој цел ден,
својот чекор почетен.

По некој ден проба кратко,
леле колку беше слатко,
крилца плеска, а не лета,
потклекнува, па се шета.
.........................................

По годишен одмор сега,
од балкон во гнездо гледам,
сал се прашам: – Каде спијат?
Колку вешти летој вијат?

## 52. ДЕДОВИНО МОЈА

Дедовино моја мила,
од пред Христа стара ти,
во утроба твоја топла,
кој ли знае што сѐ скри.

Црквите со тантели
од тули ко бел вез,
вредни фрески чуваат,
познати низ цел свет.

Плаошник како сведок стои,
над охридски бистри води,
над старини што ги раѓаш
во заборав да не паѓаш.

Самобендисана не си ти,
ами гордост в душа сви
на своите вредни чеда
од рацете на прадеда.

Полињата твои родни
и планини благородни,
дом се наш и ќе бидат
во години што ни идат.

Дедовино моја мила,
мудра секогаш си била,
многу умови ни дари
низ времиња нови, стари.

Во срце те мое носам,
со радост јака, пламен, жар,
ќе те љубам чесно, силно,
како мајка, нежно, милно.

Дедовино моја лична
без раце и нозе две,
Македонија е твојто име,
не чепкајте тука, не!

# КОРЕНИ

## 53. НЕ ЌЕ ТРЕБА КУМ

Постојано во животот
некој сака да се прави главен,
да кажува како треба
според својот поглед „правен“.

Вака треба, ова прави
не бидете тврди глави,
попуштете нему, нејзе,
така треба да се прави.

И правевме ние така
чудо дури не се случи,
во светот со „правда јака“,
кум да биде којшто сака.

Побараа тие од нас
име наше да се смени,
Македонец да се збрише,
да бидеме ние неми.

Затрепери срце наше,
надојдоа солзи в око,
разбудија гнев и бес,
замре сиот наш спокој.

Ги прашаме сега ние
– што совети биле тие,
ова ли е „правда јака“,
да те вика кој како сака.

Стара дамо, немаш ум,
дозволуваш луд кум
да си прави сè што сака
и да гази правда така.

Стара дамо, не си зрела
– праведна кон сите чеда,
со аршини за секој разни
длабиш меѓу чеда бразди.

Стара дамо, стискаш силно,
велиш дека не е битно
кое име јас ќе носам,
за името јас не просам.

Дамо стара, итра не си
та зад име да ја скриеш,
неправдата твоја стара
зад грбот наш што ја виеш.

53.

Гревот твој е многу голем,
молчиш, траеш ти цел век
за неправда кум што правел
во делот што од нас го зел.

Јас предлагам еве вака,
за да биде кум што сака,
да решиме прво едно
прашање за нас највредно.

Кој живее да се каже
на север кај кумот наш,
кои се тие протерани
од огништа нивни врели?

Линијата нека биде
– малцинските наши права,
прво тие да се решат,
па кум име нека става.

Кога тој дом ќе им врати
и сè друго што потфати,
име брзо ќе се реши,
нема веќе кум да греши.

Во спротивно, кој ќе вети
во светот со „правда јака“,
дека кумот и ти Стара
не ќе прави кој што сака.

## 54. КУЌА ЈАКА

Да градиме куќа јака,
па затоа сестри, браќа,
дајте сега да запнеме
кога земјата ни има мака.

Возвратете ѝ со добро,
побарајте правда нејна,
дигнете го својот глас,
за нејзино име – спас.

Таа знае да ги цени
делата на нејзини,
Албанци и Турци, Роми,
Срби, Власи… деца бројни.

Покажете љубов силна
кон земјата своја милна,
потсетете го тој свет,
зарем тоа не е в ред.

Ако сега направиме
од земјава куќа јака,
во иднина не ќе речам:
- Ааа, тука сте биле браќа?!

Домот наш е и ваш,
дај пружете цврсто рака,
покажете верност своја,
ако не сега, ами кога?

Со години во куќава
погачи сал месам брате,
а наш род во комшии
страдален е, леб не јаде.

Да бараш сал, а не даваш
– секој знае не е в ред,
па затоа викнете
нека чујат од тој свет.

Кажете им:

„Тој што нам ни дава
има право и да бара,
Македонец да се вика
во куќава и настрана.“

## 55. **АКО „МОРА“!?**

Дури мине време матно
низ мислите каска само
една мисла – твое име,
Македонец да не згине.

Со товар во душа моја
се напрега глава, мисли,
па на крајот нешто ново,
во болката, таа смисли.

Ако „мора“ со придавка
име твое „да се краси“
нека таа биде добра,
што не корне, што не гнаси.

Што велите да се вика
државава наша лична,
модерната земја наша,
отсекогаш таква била.

Та зар таа не ќе биде
ко другите земји таму
современа, правна, силна,
со корени стари, здрави.

РЕПУБЛИКА наша мила
МОДЕРНА си земја била,
ќе сочува сѐ што има, оти
МАКЕДОНИЈА се вика.

Не ќе биде таа Нова,
туку стара земја наша,
република македонска,
современа, цврста, јака.

Се надевам имам право,
решение сакам здраво,
од име да не се лишам,
минато да не збришам.

Во иднина сакам син ми
и негова челад, внуци
Македонци да се кажат
дома, в странство… и пред Грци.

А лично си име имаш
татковино моја мила
зад придавка поинаква
вистината би се скрила.

Одредница не ти треба,
кој милува ќе ги најде
душите ти со корени,
со ширум порти отворени.
.................................

А знам дека не мора, туку,
чест е за чедо да нè има, а
за да не е Стара, треба да е
Мајка праведна – балерина Прима.

## 56. ТАПИИТЕ

Побрзајте сестри, браќа
сплотете се, што е ред,
прогонети од Егејот
распрскани низ цел свет.

Извадете ги тапиите
од ковчеже или сеф,
зберете ги на едно место
да најдеме за нив лек.

Плеснете ги право в лице
на „умните“ од тој свет,
да изнајдат решение
за ваш имот во туѓ џеб.

Збирна тужба нек погоди
крадец стар во болна точка,
вистината да го стресе,
да не спие, да го глочка.

Да не мисли бедникот,
меѓу крадци што оро вие,
народ наш глупав не е,
со нова кражба сѐ да скрие.

Државава наша цела
поддршка да дава врела,
веќе еднаш да се реши
стар крадец да не греши.

Да не пружа рака своја
над името наше старо,
да занеме Стара дама
узда да не му дава.

Тогаш крадец ќе поита,
мито, откуп тој ќе нуди
украдено да не врати
сè ќе стори, не ме чуди.

Но бидете мудри вие,
па кренете гордо глава,
не примајте поткуп беден,
истрајте во битка права.

Не газете, не сечете,
корен стар од наши стари,
вратете ги огништата,
баба, дедо ви ги дари.
.................................

И запомни, завети се,
во наредни идни лета
ти не ќе го продаваш,
па и за лек да ти треба.

## 57. МУДРО МОЛЧЕЊЕ

Има нешто што извира
од душава како река,
што не стои, брзо тече,
не мирува, а сепак чека.

Ме натера јас да молчам
да не читам на глас песна,
„Не ќе треба кум“ се вика
права, од зборови слика.

Знаев добро што е тоа
што притисна и рече сопри,
љубовта кон земја мила,
одговорност, правда, почит.

Сето ова секој од нас,
нек го чувствува и го дава,
пред љубов кон земја своја,
свој интерес да не става.
........................................

Сега силно се гордеам,
што оставив сѐ да тече,
тоа што долго нѐ боли – пече
на крај гласно да се рече.

И одекна низ просторот
како гром од ведро небо,
ги стресе Кумот и Старата,
– нека мислат како треба.

Да не ни велат: – Да го снема,
за вашите деца треба,
за правата што ве мачат
на дневен ред да се качат!

О, Боже, нѐ чукаа
за ’рбетов да се свие,
за да може низ портите
да влеземе „лесно“ ние.

А потоа дојдоа
уште нешто да ниречат:
- Дајте да ви ги извадиме,
пршлените вам ви пречат!

А убаво сѐ гледаме,
оти не сме слепи ние,
не е до портата дал е ниска,
туку, имате ли лице вие?

## 58. НЕ Е ВРЕМЕ ЗА, ВРЕМЕ Е ДА…

Драги мои сестри, браќа,
од „дејности“ тука наши,
не е време за готвење
„демократски“ без вкус каши.

Не е време за натпревар
и за кавги бедни, разни,
да се брза и „покаже“
кој е кој, кои се „газди“.

Не е време за разликите
надалеку да се трубат,
нека тие ве влечат напред,
тивко, надвор да не се чујат.

Не е време за одмор свој
кај кумот да истераш,
на лицемер, беден крадец,
ти поддршка да му дадеш.

Не е време за брзање,
да сиречеш што и да е
да изместиш нешто добро,
име наше да продадеш.

Има нешто што не треба
надалеку да се слуша,
во интерес на земјата
закопај го во својта душа.

Премолчи го, не се плаши,
ќе излезе ако гнаси,
та и кога молчи – кори,
дај, времето нека збори.

Време е да се зберат
сите нивни, ничии и ваши,
чесни, мудри, луѓе вредни
со завиени ракави над лакти.

58.

Време е да сочинат
куќен ред, кој го нема,
во иднина секој да прочита
во домот како ќе мора – треба:

Кој не работи, а мана бара,
на тој оброк да не се дава.
Кој брат од надвор нè учи, кара,
во дом да не иде, што ќе бара.

Ако некој од дом бега
на чело со тајфа цела,
тие пред дом да чекаат
сè до – повелете, ајде сега!

Време е да сме сложни,
да градиме куќа јака,
војуваме за името,
запомнете, мили браќа.

Кумот гледа, будно слуша,
не давај да храни душа,
да се слади, раце трие,
да успее сè да скрие.

## 59. ПОМОШ ЗА НАШАТА СТАРА ДАМА

Не играјте „умни“ глави,
тоа така не се прави,
не е нашта земја кафез
со глувчиња за ваш втор рез.

Не правете на нас опит,
не барајте да не нѐ боли,
да молчиме дури сече,
неправдата дури крои.

Не барајте од нас помош
во играта – права каша,
застанете цврсто, здраво,
зад правдата, в полза ваша.

Така ќе ни помогнете
во биткава сега наша,
не е сѐ во парите,
вистината нек се праша.

Само вака ќе успеете
да излечите рак-рана,
не давајте да се шири
низ Балканов и настрана.

Ако добро „не разбравте“
што кажува наша душа,
прочитајте „Сказни мали“
мудрости и за вас, стари.

Од последна таму строфа,
разберете како треба,
што да прави од вас секој
штом излезе проблем некој.
.....................................

Не матете, не бегајте,
не правете се мудри,
надлежни сте или не
за постапките ваши чудни.

О, Боже, подучи ги
од која и да се вера,
со никого, па ни со нас,
вака, не е човечки, не треба.

## 60. ЗА НАШИТЕ „УМНИ“ ГЛАВИ

Не чепкајте, не гибајте
стари, тешки, болни рани,
не правете од земјава
– јаболко за делба да е.

Добра е замислата на
нашава Стара дама,
само треба да научи
да исчисти дома сама.

Да си земе нова метла,
да собере ѓубре старо,
под килими, во ќошиња,
под душеме што се збрало.

Нек научи таа прво
разгалени свои чеда,
што се тоа малцинства
и како со нив треба.

Не правете, не давајте
вие – наши „умни“ глави,
идеи и мегдан нов
на духови зли, стари.

Убав ќе е домот иден
за сите нас сестри, браќа,
само молам, Стара дама
за метлата нек’ се фаќа.

Нека дом свој исчисти,
па потоа да нè кани,
во нејзино семејство
со другите чеда збрани.

Во спротивно „умни“ глави
ѓубрето на Стара наша
ќе дадете да се најде
во „новата куќа ваша“.

## 61. ОД КАДЕ?

Ме запраша другар мој
кому читав песни свои:
„Што е тоа, што ли имаш,
па пишуваш за Егеј в рима?“

Јас му реков: „Немам никој“,
па погрешив мили мои,
но прашањето се втисна,
па развртев мисли свои.

Како молња слика една
пред мене се појави
и гласот од мојот татко
во ушиве ми проструи.

Пред триесет и нешто лета
мојот татко, слава му,
во соседна Грција
нè однесе, нè прошета.

Го видов тогаш за прв пат
Костур, Лерин... и некои села,
но од сето во главава
тажна слика ми се врежа.

Тесен пат и празни села,
изабени куќи стари,
запустено, живот нема,
ко демонот сè да зема.

И на тоа жешко сонце
се чудев јас зошто така,
мојот татко бара човек,
да го праша што ли сака.

Сретнавме сал еден дедо,
па застана да скрши збор,
но наиде возило,
престанаа со разговор.

Уште долго ќе ги помнам
зборовите таткови:
„Куќиве се на луѓе наши,
протерани – раселени.

Им бранат да говорат
љубен мајчин јазик свој,
па се пазат да не ги видат,
со своите близу да не бидат.“

А потоа, дури одевме
на југ, надолу кон Атина
на сите ни објасни
што се крие во заднина.

Воден богат, тие села
и природа на Егеј цела
не се мери, споредува
со јужнава пустелија.

Се чудевме, нема тревка,
нема дрвја, ниту сенка,
нема вода, земја сува,
сал олеандри, Бог да чува!
............................................

Во години наредни,
се случи некој да рече:
„Охи Македонец“,
па од чашата претече.

Веќе таму не одиме,
а „Охи Македонија“
сѐ уште се шири… о, Боже,
како може да сме мирни!?

## 62. ЗОШТО МОРА?

Не мора да сум од Егејот
за да чувствувам дека боли, пече,
кога некој коренов ми го тегне,
кришум го подрива, сече.

Не мора да сум од Егејот
за да знам зошто, од каде,
некој со години се обидува
коренов да ми го украде.

Не мора да сум од Егејот
за да чујам плач на нивна душа,
зашто тој и од мојава извира
буди гнев, горчина – не суша.

Не мора да сум од Егејот
за морници да ме лазат,
од помислата на болката – по дом,
по ближен да копнееш, трагаш.

О, Боже мој, низ жиливе
не вода – крв од рода тече
што правдина, почит бара
за рода – дедовина древна драга.

## 63. МИР ЌЕ БИДЕ

Не ќе дадеме да се плука,
свирка, пцуе, со збор чука
на никого што ни згрешил,
а пред себе се покајал,
доволно е што се решил.

Раѓањето на збиркава,
да донесе радост, среќа,
во секој дом, па и во нашиот,
мир, верба, надеж, љубов
ширум целава планета.

Гости сакаме да ни бидат
сите луѓе од цел свет,
здушно да им речеме: „Благодариме,
без присуство ваше се ќе беше
мистичен на околностите сплет.“

Сега ќе одговориме
на прашања за нас чудни,
што ќе биде, ќе има ли војна,
од ближни со добри срца,
со опиен ум, а очи будни.

Мир ќе биде брате, сестро,
мир ќе биде низ цел свет
само дајте да исчистиме
души, трулеж, разврат за навек!

Впрочем ...

Во кој живееме век?!
.......................................

На крајот јас прошка барам
за остар, поган речен збор
во песните и надвор од нив,
во гнев, емотивен набој
предизвикан од климакс мој,
дур го бранев родот свој.

Па и јас сум само човек,
а не светица мили мои.

## 64. КОРЕНИ

Има нешто што нѐ прави
од другите различни,
во душите – топлината,
во срцата – ширината.

Има нешто што нѐ прави
да сме горди што сме ние,
слоговното писмо древно
вистината знам ја крие.

Има нешто што нѐ крева
над другите, повисоко,
горди сме на своето
– не ко некои на туѓото.

Има нешто што нѐ движи
пред другите да сме напред,
просветеноста – видикот,
– чукун дедо ни го даде.

Има нешто што нѐ прави
од другите побогати,
корените се тоа наши
раскрилени – разгранети.

Има нешто што ги чува
од завист и алчност туѓа,
корените наши стари
зариени в души, в глави.

Знам...

Големата наша мајка
и мудроста нејна стара,
нѐ учи, од нас бара
да чуваме земја стара.

Да чуваме сѐ што значи
корен наш – наша душа,
македонско писмо, јазик,
да се пише, да се слуша.

Да чуваме, негуваме
корен стар во идно време,
уште долго да се грани,
жилав корен да не свене.

Има нешто што не дава
овој корен да пресуши,
– непокорот, истрајноста
на мачните наши души.

Анка Апостолски

# НАСЛИКАНО СО ЗБОР


| | |
|---|---|
| Издава: | ИНФОБИТ<br>П.фах 887, Скопје<br>Република Македонија<br>е-пошта: infobit@t-home.mk<br>www.infobit.com.mk |
| За издавачот: | Анка Апостолски<br>управител |
| Рецензент: | д-р Виолета Мартиновска |
| Лектор: | Симон Саздов |
| Дизајн на корицата: | ИНФОБИТ |
| Мотив на корицата: | Рачна изработка на<br>Цвета Апостолска |
| Печати: | Бошели – Скопје |
| Тираж: | 1000 примероци |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3(02.053.2)-1
821.163.3-1

АПОСТОЛСКИ, Анка
Насликано со збор : [поезија за деца и млади] / Анка Апостолски. - Скопје : Инфобит, 2008. - 108 стр. : илустр. ; 25 см

ISBN 978-9989-9532-1-7

COBISS.MK-ID 74820618